# Онаа ноќ во Њујорк

Лорен Лејн

**ИЗДАВАЧКА КУЌА САКАМ КНИГИ**

*www.sakamknigi.mk*

**На светот има толку многу книги, а толку малку време...**

Строго избрани одлични наслови за сите кои сакаат книги со уникатни приказни достојни за нивното време...

---

**Наслов на оригиналот**

**Someone like you**
© 2016 Lauren Layne

**Copyright © за македонското издание**
Издавачка куќа Сакам книги, 2017

**Преведувач** Ивана Спасев
**Лектор** Марија Иванова
**Главен уредник** Ивана Спасев
**Компјутерска обработка** Деана Николовска
**Дизајн на корица** Диме Спасев

**Печатење** Графостил - Скопје, 2017
**Тираж** 1000 примероци

---

*Сите права за книгата се задржани. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која било форма или на кој било начин во електронските или печатените медиуми, без писмена согласност од издавачот.*

# Онаа ноќ во Њујорк

Лорен Лејн

сакам книги

Ако и ти сакаш книги...

# ПРВ ДЕЛ

# Прва глава

„ЛИНКОЛН, ЗНАЕШ ДЕКА ТЕ САКАМ КАКО брат, но ако ѝ се пуштиш на сестра ми, ќе те ликвидирам“.

Линколн Матис полека пивна од коктелот додека ја набљудуваше енергичната идна невеста. „Се надевам дека Кесиди знае колку е среќен. Ти си страшно нежна и деликатна“.

Ема Синклер, наскоро Ема Кесиди од истото ова време утре, го крена едниот показалец со елегантен маникир и го забоде во неговите гради. „*Вети ми*, Линколн. Нема да ѝ се пушташ на Дејзи“.

„Јас не им се пуштам на жени“.

Ема го прострела со поглед.

Тој ја крена слободната рака нагоре. „Сериозно. Тие ми доаѓаат мене. Јас сум како прашник“.

Ема зјапна во него со ококорени, малку обвинувачки кафени очи. „Што?“

„Прашник. Оној делот од цвеќето што го создава поленот, Синклер. Зарем не гледаш *Discovery Channel*? *Animal Planet*? Еднаш гледав еден *фасцинантен* документарец за пчели. Види, кога пчелите ќе слетаат на цвет, нивните мали ножиња собираат полен од прашникот...“

„Матис. Дали ти ѝ зборуваш на мојата свршеница за твојот *прашник*?“ праша Алекс Кесиди застанувајќи до Ема и ставајќи ја посесивно раката на нејзиниот струк.

„За прашникот на *цвеќињата*“, појасни Линколн. „Не за *мојот* прашник. Сериозно бе, луѓе, само на секс ли мислите цело време?“

„Да“. Ова беше одговорот на Рајли Комптон, темнокосата секс бомба чиј статус на водечки „сексперт“ во Њујорк значеше дека воопшто не ѝ пречеше да дискутира за секс на пробната вечера пред свадбата на нејзината најдобра пријателка. „Ама знаеш што, прашникот сепак е прилично сексуален. И јас го гледав тој документарецот со пчелите затоа што човек нема што друго да прави кога цело време треба да дои вечно гладно бебе, и прашникот е машки репродуктивен орган на цвеќето. Секси, нели?“

Ема ја пикна онаа рака со која не го држеше шампањот меѓу нив двајца. „Дечки, викендов правам свадба. Може да не зборуваме за цветна ерекција?“

„Во право си, невесто“, рече Линколн. „За што сакаш да зборуваме? За ерекцијата на Кесиди?“

Алекс Кесиди се засркна од шампањот.

„Нема да се дискутира за никакви ерекции“, рече Ема. „Јас и Линколн штотуку разговаравме за тоа дека Линколн ќе се држи на растојание од сестра ми“.

„Кога сме веќе кај тоа, каде е Дејзи?“ праша Рајли разгледувајќи наоколу.

„Доцни малку. Познавајќи ја сестра ми, веројатно ѝ бил малку истуткан фустанот од куферот, па сега нема да се појави додека не го испегла совршено, додека не ја среди косата совршено и додека генерално не се доведе целосно во беспрекорна состојба“.

„Мајко мила, како ли ќе успеам да не ѝ се доближувам?“ промрморе Линколн.

„Линколн, жими сè ти кажувам...“

„Те зеза, Ем“, рече Кесиди и внимателно ја повлече својата свршеница за да ја оддалечи од Линколн. „Не му дозволувај да те изнервира. И Линколн, човече, што е со тој пијалак?“

Линколн погледна надолу. „Се вика Јасмин. Џин, лимон, кампари...“

„Розов е“, потенцираше Кесиди.

„Нели? Сакаш и ти еден?“

Кесиди преврте со очите. „Не, фала, ќе си продолжам со шампањот. Ах, да му се невиди, ене ја баба ми, ни мавта да одиме. Ема, расположена ли си да разговараш за состојбата на твојата матка?“

Ема офна. „Ох, не. Мислев дека се согласи да причека да помине свадбата, па да разговараме за моите јајце клетки“.

„Јас ќе дојдам со тебе“, рече Рајли. „Како единствена од нашата мала група на пријатели на која некогаш ѝ има излезено човечка глава од...“

„Добро, ќе ја проширам листата на табу теми за свадбава“, рече Ема. „Нема разговарање за ерекции, цвеќиња или вагини“.

„Добро“, рече Рајли кога ја протна раката под раката на Ема и тргнаа кон баба му на Кесиди. „Но ако баба му почне да ти зборува за плодност, само следи го мојот пример...“

Линколн се насмевна додека ги гледаше неговите пријатели како се оддалечуваат. Можеше и тој да отиде со нив, се разбира, да се обиде да помогне, но новата мајка Рајли беше многу подобар избор во оваа конкретна ситуација.

Освен тоа, како кум, Линколн веќе имаше доволно секирации. Прстенот, организација на транспорт до црква утре, говорот што требаше да го одржи на свадбата...

Одеднаш престана да мисли на сите негови обврски како кум кога неговиот поглед застана на жената што стоеше на вратата од просторијата за приватни настани. Нагло ја сврте главата. Кога најде Ема време да се пресоблече? Генерално, тој не водеше многу сметка за алиштата на неговите пријатели. Особено алиштата на жените, затоа што, па... не му беше гајле. Но сега беше прилично сигурен дека Ема носеше бел фустан пред само десет секунди.

А сега носеше краток жолт фустан, со лелеави ракави, како полу ролка и малку девствен...

Не, не девствен, се поправи Линколн кога таа се сврте. *Секси*. Фустанот беше со гол грб, убаво ја покажуваше мазната, малку исончана кожа од долниот дел на нејзиниот грб и нагоре кон нејзината долга темно руса коса.

...руса коса.

Ема имаше кафена коса до раменици. Можеби ќе можеше да прифати дека ја сменила гардеробата, но косата?

*Идиоте еден.*

Значи тој гледаше во Дејзи Синклер, забранетото овошје, лично и персонално.

Тој имаше заборавено дека Дејзи не ѝ беше само сестра на Ема - таа ѝ беше идентична близначка на Ема.

Освен фактот дека очигледно не смееше да ѝ се пушта, Линколн не знаеше речиси ништо друго за неа.

Добро, сега веројатно знаеше дека таа ја фарбаше косата руса.

Или можеби Ема се фарбаше кафена?

Сеедно. Тоа беа женски работи што секако не го интересираа.

А сепак не можеше да го одлепи погледот од неа, таа како да го имаше заробено некако. Проба да се сети на сè што имаше слушнато за Дејзи Синклер.

Знаеше дека таа и Ема пораснале во Северна Каролина. Но Ема се имаше преселено во Њујорк брзо по дипломирањето, а Дејзи имаше останато таму. Му се чинеше дека имаше слушнато некои муабети дека таа неодамна се развела, но не се сеќаваше на деталите.

А и немаше потреба. Линколн најдобро знаеше дека немаа сите врски среќен крај.

Линкон гледаше кога Дејзи колебливо влезе во просторијата; уште ја немаше забележано никој од другите присутни.

Тој имаше една посебна вештина, знаеше да опушти човек и да направи брзо да му стане пријатно. Во друг

случај веднаш ќе отидеше кај неа со чаша вино и духовит муабет и немаше да ја остави сè додека нејзините раменици не се опуштат и сè додека не успее да извлече насмевка од тоа убаво лице.

Но не беше *потполно* сигурен дека Ема нема навистина да го кастрира, па затоа Линколн само ја набљудуваше Дејзи. Жената беше прекрасна. Добро, тоа не беше некое големо изненадување бидејќи Ема беше преубава. Но сепак, иако нивните црти беа идентични, двете беа привлечни на потполно различен начин.

Ема беше целата самоуверена и софистицирана, делуваше просто недопирливо. Дејзи беше некако помека. Понежна. Таа делуваше... *допирливо*.

Коктелот на Линколн застана на половина пат до неговата уста кога чувството на забранетост го натера да се навали малку наназад на петиците. Тој *не* смееше да ја допре Дејзи Синклер. Но од причини што немаа никаква врска со заканите на Ема.

Како да го насети замислениот поглед на човекот вперен во неа, Дејзи благо се сврте и нивните очи се пресретнаа. Тоа беа очи што Линколн знаеше дека ќе бидат темно кафени како очите на Ема, а сепак контактот со очите на Ема никогаш немаше направено тој да се почувствува вака.

Линколн почувствува нешто налик паника затоа што во еден ужасно страшен момент доби чувство дека Дејзи Синклер го гледаше. Го гледаше *него*. Не го гледаше Линколн што тој *сакаше* сите да го видат.

Туку *вистинскиот* Линколн.

Ја протресе малку главата за да се освести.

*Прибери се, Матис. Жената не те ни знае.*

Никој од нив не го знаеше.

Не вистински.

Тој го виде моментот на сличен шок во нејзиниот поглед, насети дека за делче од секундата таа размислуваше да се сврти и да побегне. Од него, од забавата, од сè.

И тогаш виде нешто друго. Нешто познато затоа што и самиот го имаше направено истото илјадапати претходно. Таа ги исправи рамениците и тој го виде моментот кога ја стави маската на место.

Знаеше уште пред таа да му се доближи дека Дејзи беше буквално иста како него - добра со луѓе и дружби само затоа што самата одбираше да биде. Знаеше дека тоа веројатно некогаш ѝ било во природата и ѝ доаѓало автоматски, но сега не беше ништо освен намерен обид да ги убеди сите дека е добро.

Дејзи беше упатена кон него и тој целосно се згрчи од причини што не можеше да ги идентификува, а потоа си нареди да се смири и опушти малку.

Ова беше само сестрата на неговата пријателка. Старосватицата, наспроти него како кум.

Таа застана пред него и тој го почувствува нејзиниот нежен парфем, изненадувачки елегантна арома за жена што се викаше Дејзи, пред таа да му ја подаде раката.

„Ти мора да си Линколн Матис, машката курва од која треба да бегам?“

Нејзиниот глас беше изненадување. Беше исто зарипнат како гласот на сестра ѝ, но годините во Њујорк го имаа речиси целосно избришано јужњачкиот акцент на Ема. Дејзи, од друга страна, дефинитивно имаше непроменет дијалект - нејзиниот благо зарипнат глас со тој секси дијалект беше како леден чај од нане во топол ден.

Тој се исклешти и ја зеде нејзината многу помала рака во својата. „Штом го знаеш тоа, ти мора да си Дејзи Синклер, нежниот цвет на кој не смеам ни да му се обратам“.

Таа се исклешти. „Погоди“.

„И кажи ми, Дејзи Синклер“, рече тој, „Зошто толку се потепаа да ми забранат да ти се приближам?“

Таа затрепка со трепките, изгледаше баш како типична јужњачка убавица. „Зарем не е очигледно? Разведена, повредена, оштетена и страшно кревка. Ти? Зошто треба да те избегнувам толку?“

Фино. Таа не остави простор за препуштање на претпоставки, туку отворено стави сè на маса пред некој да успее да почне да шпекулира.

Тој се наведна малку нанапред и го стиши тонот. „Нескротлив плејбој, интригантно недостижен со мала доза на опасни тајни“.

Сега и таа се наведна нанапред и прозборе со ист тон. „Звучи *неодоливо.* Мислиш дека сега треба да ѝ кажеме на Ема дека ќе побегнеме заедно или подоцна?“

Линколн можеше да се обложи во неговата животна заштеда дека таа ја глумеше оваа храбра дрскост, но со оглед на тоа дека разбираше, продолжи со играта.

Направи гримаса како да размислуваше за нејзиниот предлог. „Ајде да причекаме да ги одржиме прво нашите говори на свадбата утре. Патем, мојот говор е неверојатен, па однапред ти се извинувам што ќе направам да изгледаш лошо“.

Таа полека посегна и му ја зеде пијачката од рака, погледнувајќи го во очи кога пивна без да направи гримаса од горчината и киселоста на пијалакот. „Не сум загрижена. Слушнав дека ти си ја добил позицијата кум благодарение на партија фудбал со топче од хартија“.

„Еј, јас барем морав да се потрудам малку за да ја добијам. Ти не си направила ништо, освен тоа што си делела матка со Ема“.

Дејзи му го врати пијалакот. Нејзините прсти ги допреа неговите во процесот и Линколн беше малку изненаден кога сфати дека го забележа тоа. Генерално, тој не си дозволуваше да биде свесен за жените. И сега страшно го нервираше тоа што гледаше колку беше акутно свесен за оваа.

„Ти гарантирам дека ќе успеам да расплачам повеќе луѓе од тебе утре“, му рече таа.

„Слободно можеш да манипулираш со нивните солзи. Јас нема да се обидам да ги расплачам, туку да ги насмеам“.

Таа ги испапчи усните и одобрувачки кимна. „Значи ти ја криеш твојата приватна болка зад шеги. Фино“.

„А ти го насочуваш разговорот кон туѓа болка за да ја избегнеш твојата", врати тој. „*Фино*".

Таа се насмевна, полека и искрено, а нејзините кафени очи погледнаа во неговите. „Јас мислам дека ние двајца ќе се согласуваме баш фино, господине Матис".

И Линколн се насмевна, но тоа не беше она неговото вообичаено клештење што толку го имаше усовршено со годините негово практикување што почна да му доаѓа како природно.

Оваа насмевка беше реална затоа што таа беше во право. Тие беа слични, тој и Дејзи.

И се гледаше дека ќе се согласуваат затоа што за само неколку минути под маската на лежерни празни муабети си имаа споделено многу повеќе вистини со практично непозната личност отколку што имаа со кој било друг со години наназад.

Линколн не можеше да објасни како знаеше, но тој и Дејзи Синклер некако се разбираа. Двајцата ги увидоа и признаа ѕидовите на другиот и постигнаа еден вид на премолчен договор дека ниеден од нив нема да се обиде да ги прескокне ѕидовите на другиот.

Овде, каде што најмалку се надеваше на нешто такво, на свадбата на неговите најдобри пријатели, Линколн најде некој друг кој сфаќаше дека најдобриот механизам за справување со скриени тајни и тивка болка беше едноставно да се *преправаш*.

А сепак, под тоа олеснување дека Дејзи можеби беше жената која никогаш не би побарала повеќе отколку што Линколн можеше да даде, имаше и нешто друго... некое вознемирувачко и непознато осознавање дека за прв пат по многу долго време, имаше нешто што Линколн сакаше повеќе од тоа да ги заштити неговите сопствени тајни.

Тој сакаше да ги дознае нејзините.

# Втора глава

ИСКРЕНО КАЖАНО, НА ДЕЈЗИ И ОЛЕСНИ ШТО сестра ѝ ја имаше предупредено колку всушност беше зготен Линколн Матис. Непрестајното повторување на тоа ја имаше поттикнато Дејзи да го побара на Гугл и тоа што го имаше видено на слика речиси ја имаше подготвено за струјниот удар кога го виде во живо синоќа.

Речиси, но не комплетно.

Затоа што, едноставно кажано, Линколн Матис беше најубавиот и најзгодниот маж што го имаше видено... во животот.

Еден од оние мажи што очекуваш да ги видиш на постери за филмови или реклами за машка долна облека.

Таа сега го гледаше од тивкиот агол на просторијата додека си пиеше од шампањското. Тој дефинитивно не се шегуваше кога рече дека ќе се обиде да ги насмее сите со говорот. Гостите на свадбата практично му јадеа од рака.

Но се разбира, со оглед на тоа како изгледаше типот во смокинг, можеше само да стане и да стои таму како дибек и да не каже ни збор или да почне да пцуе на глас и пак сите ќе се заљубеа во него.

Темнокафената коса на Линколн паѓаше врз неговото чело момчешки слатко, но широките раменици и силната вилица беа нешто што може да се види само кај вистински маж. Неговите сини очи беа подеднакво палави и пакосни колку што беа таинствени. Не му требаше многу за да се

насмее, ниту пак за да се исклешти и колку што можеше да види таа, тој секогаш имаше одговор на сè, најчесто духовит или саркастичен.

Сите девери носеа светло розови машни пеперутки за да бидат во тон со фустаните на девериците и Линколн Матис некако успеваше да направи женствената боја да изгледа проклето секси.

Дејзи мислеше дека Ема се шегуваше кога рече дека розовата боја била идеја на кумот. Сега веќе не беше толку сигурна. Линколн очигледно обожаваше неочекувани работи.

Таа длабоко вдиша обидувајќи се да се олабави по тремата од нејзиниот говор. Дејзи никогаш немаше проблем со зборување пред луѓе, знаеше дека можеше да се справи со секоја маса луѓе подеднакво компетентно како што се справуваше вечерва Линколн, но вечерашната „изведба“ беше различна.

Ова беше нејзината *близначка*, и иако веројатно си знаеја само тие две, говорот на Дејзи беше еден вид на збогување. Целото нивно детство, тие си припаѓаа една на друга. А сега Ема требаше да му припаѓа на друг.

Во секој случај, Дејзи зборуваше од срце кога опишуваше колку беше воодушевена додека ги гледаше студентите Ема и Кесиди како се вљубуваат еден во друг пред многу години. Таа навистина го мислеше тоа кога кажа дека ја чувствуваше агонијата од нивната разделба заедно со Ема. Дејзи го имаше скратено тој дел во говорот, се разбира. И искрено го мислеше тоа кога рече дека нивното повторно пронаоѓање беше како извадок од бајките.

Но добро, имаше еден дел од говорот на Дејзи што беше малкуцка накитен и преувеличен. Тоа беше нејзиното паѓање во несвест за магијата на бракот.

Дејзи знаеше дека големата бела свадба не водеше до среќен крај секогаш.

Не водеше секогаш до *Си живееја среќно до крајот на животот*. Понекогаш не водеше дури ни до *Си живееја задоволно до крајот на животот*.

Понекогаш свадбата не беше ништо друго, освен прв чекор на патот до еден многу приватен пекол.

Дејзи беше среќна за Ема и Кесиди. Навистина беше. Мислеше дека срцето ќе ѝ препукне од среќа додека ги гледаше како си се заколнуваат на вечна љубов.

Но истовремено болеше.

Затоа што таа многу добро се сеќаваше како беше тоа. Се сеќаваше на радоста и надежта и убеденоста дека човекот кој ти се заколнува на тоа навистина ќе те сака вечно.

*Ха.*

Дејзи воопшто не се сомневаше дека Кесиди навистина ќе ја сака Ема засекогаш. Алекс Кесиди беше добар човек - *одличен* - кој можеше да го даде и животот за Ема.

Но Дејзи немаше толкава среќа.

Таа пивна од шампањот и кога слушна дека некој шмркна на соседната маса нагло се врати во реалноста и го сврте вниманието кон кумот.

„...ние луѓето не добиваме секој ден шанса да бидеме сведоци на дел од најголемите љубовни приказни во животот“, велеше Линколн кревајќи ја чашата. „Но јас се сметам себеси за благословен секој Божји ден, не затоа што го знам Кесиди, не затоа што ја знам Ема, туку затоа што ги знам овие двајца какви што се *заедно*. Тие го вадат најдоброто еден од друг. Го вадат најдоброто од сите нас. За Ема и Кесиди“.

Дејзи ја крена чашата заедно со сите останати гости на свадбата, иако дискретно погледна во Линколн со подзамижани очи. Се имаа договорено. Солзите на гостите беа нејзини, а смеата негова. А тој на крајот имаше решено да ги добие и едното и другото.

*Копиле едно расипано.*

Да му се невиди, дури и *Кесиди* изгледаше како да голтна кнедла кога отиде грубо, машки да го прегрне својот пријател.

Линколн го пресретна погледот на Дејзи преку рамото и ѝ намигна.

Таа тивко се насмевна и пивна од шампањот. Копилето.

„Зготен е, нели?“

Дејзи се сврте и виде дека една од девојките на колегите на Кесиди и Линколн стоеше до неа. Набрзина се обиде да се присети на сите имиња што ги имаше слушнато претходната вечер. Менди? Мејси? Не, Моли.

Моли се гледаше со Џексон Бурк. Дејзи не се срамеше да признае дека ја фаќаше возбуда како некое мало девојченце од самото тоа што се наоѓаше во иста просторија со легендарниот бек. Неговата кариера имаше завршено благодарение на лоша повреда и тој сега имаше сменето правец, работеше во Оксфорд како уредник на рубриката Фитнес.

Оксфорд беше сестринско списание на Стилето, каде што работеше Ема, а и нејзините деверици. Дејзи доволно разговараше со сестра ѝ за да знае дека тоа беше една група во која сите беа блиски, но пред да дојде во градот, сепак имаше многу домашна и вежбање за да научи кој е кој и да не ги меша сите.

Ема (Стилето) се мажеше за Кесиди (Оксфорд) кој беше пријател со Џејк (исто така Оксфорд) кој беше женет за Грејс (повторно Стилето и најдобра пријателка на Ема)...

А тука беше и Моли, која не беше поврзана со списанијата никако, освен преку нејзината врска со Џексон Бурк, но делуваше како и таа да работи таму затоа што сите беа страшно блиски.

Дејзи го протри челото. Премногу луѓе, премногу конекции, сето ова ѝ предизвикуваше главоболка.

И иако никогаш немаше да признае, има шанси да беше и малку љубоморна. Љубоморна што Ема се мажеше за љубовта на нејзиниот живот, опкружена со група пријатели кои беа таму едни за други без оглед на сè.

Дејзи не ги изгуби *сите* свои пријатели откако замина Гери, но изгуби доволно. Доволно од нив се изгубија откако Дејзи веќе не им одговараше за состаноци во парови во центарот на Шарлот и бебешки повојници во кантри

клубови додека новите брачни парови полека преминуваа во нови родители.

Таа беше среќна за сестра ѝ, но малку имаше чувство како животот на нејзината близначка да почнуваше да цвета токму сега кога животот на Дејзи се распаѓаше околу неа.

„Кој е згоден?“ рече Дејзи вртејќи го вниманието кон Моли.

Убавата русокоса се насмеа. „Да, веројатно не беше фер прашањето. Ние сме опколени со тестостерон овде. Јас мислев дека веќе сум навикната на убавината на оваа екипа, но сега кога ги гледам овие мажи во смокинзи... “

Погледна во правецот каде што Линколн се смееше со сестра ѝ.

„Тешко е да не се зјапа, нели?“

Дејзи погледна во Моли, која љубезно ѝ се смешкаше, како многу добро да знаеше во кого гледаше Дејзи, за кого размислуваше.

Реши да не се прави глупава. „Линколн е... па, тој дефинитивно е баш таков каков што ми го опиша Ема. Вистина ли е дека пола од жените во градов се вљубени во него?“

Моли фркна со носот и пивна од црвеното вино. „Пола? Јас мислам минимум три четвртини. Дури и ние што солидно сме вљубени во некој друг некако не можеме да не сме барем малку зацапани во Линколн Матис“.

„Зар не го стасува долгата низа жени со скршени срца?“

„Да бидам искрена, не баш“, рече Моли. „Никој не знае како му успева, но и покрај тоа што именикот му пука од женски имиња, се чини дека нема ни трага од огорченост меѓу неговите бивши девојки“.

„Тоа е... импресивно“.

„Е“.

„Геј?“ праша Дејзи лежерно, многу позаинтересирана отколку што сакаше да покаже.

„Не знам. Можеби? Но некако не ми личи“, рече Моли додека го гледаа Линколн како оди кон подиумот за танцување со една прекрасна бринета во тесен фустан; поточно, таа го влечеше кон подиумот.

Не, ни на Дејзи не ѝ изгледаше така. Имаше почувствувано како ја гледаше кога одеше накај него на пробната вечера синоќа. Баш како што гледа маж жена. Со меркање. Со заинтересираност.

Но додека да му се претстави, ролетните повторно беа спуштени и целиот интензитет во тие сини очи го замени некоја шармантна игривост.

Сепак, тој беше интересен. И многу, *многу* допадлив.

Сега разбираше зошто Ема ја предупредуваше. Пред неколку години, Линколн Матис ќе беше баш онаков тип каков што ќе можеше да ја привлече Дејзи.

Тој имаше класична машка убавина наспроти нејзината женска, тој беше рафинираниот урбан маж наспроти неа како мала убавица од Југот. Тие можеа да направат лудница на оваа свадба - а и по свадбата - ако сакаа.

Но сега немаше потреба Ема да се грижи. Дејзи не беше таа девојка веќе. Да, ја играше улогата. Површински гледано таа сè уште беше истата слатка Дејзи Синклер како и секогаш. Само Ема знаеше дека не беше веќе така.

Па, Ема, и можеби Линколн Матис, си помисли кога неговиот поглед повторно го најде нејзиниот над главата на бринетата која практично се триеше од него.

Таа очекуваше уште едно шмекерско намигнување, но наместо тоа, тој малку ја наведна брадата кон неа, како добро да ги разбираше нејзините мисли.

„Ха“, рече Моли потсетувајќи ја Дејзи дека не беше сама.

„Што, ха?“ праша Дејзи и погледна во убавата русокоса.

„Двапати го фаќам како те погледнува, како намерно да те бара меѓу гостите“, повтори Моли замислено.

„Е па женкар е“, рече Дејзи како ова да ѝ беше забавно. „Нели му е тоа работа?“

„Да, Линколн е женкар, во *множина*“, рече Моли. „Тоа значи дека ги мерка *сите жени*, никогаш само една“.

„Јас не ни разговарав со него вечерва“.

„Понекогаш и контактот со очи кажува сè“, рече Моли и нежно ја боцна со лактот.

Дејзи се насмевна и ја погледна. „Значи ти си романтичарка“.

Очите на Моли го најдоа Џексон Бурк меѓу луѓето. Тој се смееше со некои колеги. „Имам причина да бидам“.

*Да, па, јас имам причина да не бидам,* си помисли Дејзи.

Непопустливото темпо на некои нови хитови се смири со една бавна песна и Дејзи забележа дека насмевката на Моли се зголеми уште повеќе кога Џексон Бурк тргна кон неа.

„Нема да се лутиш ако те оставам, нели?“ праша Моли нежно, оставајќи ја празната чаша на еден послужавник во близина.

„Се разбира дека не“, рече Дејзи и ѝ даде знак со раката слободно да оди.

Дејзи повторно пивна од шампањот, гледајќи додека гостите полека излегуваа на подиумот за танцување, обидувајќи се да ја ублажи досадата со пробување да погоди колку долго беа заедно паровите што играа судејќи по говорот на нивните тела.

Се насмевна кога сфати дека Ема и нејзините пријателки од Стилето уште изгледаа како да беа во фазата меден месец со нивните партнери, иако таа знаеше дека повеќето од нив беа заедно со години.

Почувствува дека малку ѝ се стегна срцето. На времето си мислеше дека такви ќе бидат и таа и Гери, подеднакво вљубени на некоја туѓа свадба како што беа на нивната. Или барем *таа* беше вљубена тој ден.

Како и да е, ѝ беше мило што беше тука. Ѝ беше мило што беше опкружена со толку среќа иако на моменти беше горко слатко. Посакуваше татко им да беше тука да го види ова. Тој имаше починато од инфаркт пред

неколку години и иако татко им имаше направено голем хаос во врската на Ема и Кесиди тогаш на времето, Дејзи посакуваше тој да можеше да ја однесе Ема до олтарот и да одигра еден татковски танц со неа.

Но и вака беше прекрасно. До олтарот ја имаше однесено Кол Шарп, уште еден од вработените во Оксфорд, а кога дојде време за танцот на таткото и ќерката, на подиумот ја вртеа цела екипа момци од Оксфорд.

На Дејзи одеднаш ѝ светна дека *ова* беше семејството на Ема. Да, секако, близначките беа блиски, но тие беа сираци сега и никогаш не беа блиски со остатокот од нивното пошироко семејство. Па Ема си имаше изградено семејство овде во Њујорк, со мрежа од блиски пријателства.

И иако Дејзи беше страшно среќна за Ема, таа воедно беше и малку љубоморна.

„Ич не сакам да те деранжирам, галена, ама малку преубедливо глумиш срамежлива девојка што нема партнер за играње".

Дејзи се сврте, некако не беше изненадена кога виде дека Линколн Матис стоеше до неа; неговите сини очи блескаа над розовата машна пеперутка што ја носеше со импресивна мажественост.

„Мамеше", рече таа наместо поздрав.

Тој се насмевна, бавно и кокетно, кога го потпре едното рамо на ѕидот на кој беше потпрена и таа, погледнувајќи надолу во неа. „Како тоа?"

„Ги насмеа *и* ги расплака гостите со твојот говор. Јас мислев дека се договоривме дека ти ќе бидеш смешниот денес".

Неговата насмевка стана уште поширока. „Што можам да ти речам, јас сум шармантен на мноштво начини".

„Кога сме веќе кај тоа", рече таа покажувајќи со брадата кон заводливата бринета што одеше накај нив, „мислам дека твојата претходна партнерка за танцување сака да повторите".

Тој тивко офна, толку тивко што таа се запраша да не ѝ се причини.

„Танцувај со мене“, ѝ рече одеднаш на Дејзи, исправувајќи се и погледнувајќи надолу во неа.

Таа се сепна од изненаденост, а потоа и од паника. „Не можам“.

Тој се насмевна и ѝ подаде рака. „Ајде сега, Срамежлива. Ме бива за танцување“.

*Срамежлива*. Дејзи никогаш претходно не беше срамежлива во животот, никогаш не стоеше на страна без партнер за танцување. Но тој имаше поента сега. Вечерва навистина делуваше како да се криеше во агол. Се укори во себе. Ова беше една од работите што си велеше дека нема да ги прави. Дека нема да му дозволи на Гери да победи...

„Воопшто не се сомневам во твоите танчарски способности“, одговори таа провокативно. „Ама...“

И тука застана. Што можеше да му каже? *Не сакам да ме допираат?*

Не е дека не можеше да дозволи да ја допре некој. Не беше *до толку* скршена. Не паничеше. Ја имаше издржано прегратката на Кесиди синоќа кога се поздравуваа, имаше танцувано со чичко ѝ претходно вечерта, но тие мажи беа семејство.

Линколн Матис... не беше семејство.

*Играј со него,* си нареди. *Немој да бидеш таа скршена жена што Гери проба да те направи.*

Но таа не мрдна и Линколн полека ја спушти раката покрај телото, баш кога бринетата стигна до нив.

„Ја обожавам оваа песна“, рече жената и посесивно помина со дланката по раката на Линколн. „Ќе играме?“

Линколн упорно ја гледаше Дејзи во очи, па таа слегна со рамениците пред шеговито да му испрати еден бакнеж за збогум дувајќи го кон него од дланката. „Чао“.

Тој подзамижа со очите. „Впрочем“, рече Линколн вртејќи се кон жената и упатувајќи ѝ една покајничка насмевка, „јас ќе морам да излезам накратко“.

Жената се намурти со нејзините совршено обликувани веѓи. „Да излезеш? Зошто?“

„Морам да ѝ покажам нешто на Дејзи“, рече тој, а потоа се наведна и ја бакна другата жена во образот. „Следен пат, љубов“.

Пред Дејзи да успее да процесира дека беше искористена како дел од планот за бегство на Линколн Матис, тој го зеде шампањот од нејзината рака, ја остави чашата пред да ги стегне нејзините прсти со своите и ја повлече кон вратата.

„Чекај малку, навистина ќе одиме некаде?“ праша таа со насмевка додека тој ја влечеше низ хаосот од гости.

„Аха“.

„Јас не можам“, рече таа. „Ова е свадбата на сестра ми, имам семејство овде и...“

„Ама и така е при крај и сакаш да си одиш“, рече тој вртејќи се и погледнувајќи ја.

Таа подзамижа со очите. „Зошто би сакала да си одам?“

Ја погледна во очи. „Затоа што ни ти не сакаш свадби ништо повеќе отколку што ги сакам јас“.

# Трета глава

„КОЛКУ СИ ВЕШТА ВО ТИЕ ЧУДА?" ПРАША Линколн покажувајќи со главата кон ужасно високите сребрени сандали на Дејзи.

„Е па ајде вака да видиме", рече таа кревајќи ја раката и набројувајќи на прсти. „Мисица, дебитантка, принцеза Дафодил, членка на сестринство, член на одбор во кантри клуб..."

„Значи стабилна си за брзо движење".

Таа му се насмевна. „Можам да држам чекор. Што имаше на ум?"

Линколн длабоко вдиша од топлиот јунски воздух пред тешко да издише. Да, што тоа имаше на ум?

Знаеше само дека не можеше да издржи веќе. Го имаше поминато целиот ден, ма бестрага, целиот изминат *месец*, радувајќи се за Кесиди и Ема. Немаше потреба да глуми. Тој навистина беше среќен за нив. Не постоеја подобри луѓе и подобри пријатели од нив на светот.

Но тоа не го олеснуваше она *ќе беше вака/можеше да биде онака,* а моментот што штотуку го имаше погодено во срце беше особено тежок. Убиствениот притисок на копнежот, вриењето на бесот.

Линколн мораше да побегне. Да се тргне настрана, да биде малку сам со своите мисли.

А сепак, наместо да биде сам, имаше покането една скоро непозната жена да му се придружи во овој момент на ранливост. Зошто?

Погледна надолу во Дејзи. Таа трпеливо стоеше и го чекаше да си ги среди мислите. Чудно беше. Нејзините црти беа скоро идентични со цртите на Ема, жена што ја гледаше скоро секој ден, а сепак, кога ќе ја погледнеше Дејзи, тој не ја гледаше Ема, ја гледаше само Дејзи.

И не се работеше само за тоа што косата ѝ беше посветла или акцентот поинтересен јужњачки или тоа што таа очигледно повеќе сакаше розов кармин, а Ема носеше неутрални бои. Она најразличното меѓу нив се наоѓаше под сето тоа.

„Зјапаш“, рече таа.

„Розовиот фустан. Убаво ти стои“.

„Да“. Таа покажа со глава кон неговата машна. „И тебе убаво ти стои розово“.

Линколн се здрви. Голема грешка беше тоа што ги предложи розовите машни пеперутки. Го имаше направено тоа само затоа што момците очекуваа нешто такво од него, некоја будалштина, но нему лично само му врати болни спомени. Си мислеше дека би можел да го направи тоа како почест, но сега се чувствуваше како истото да беше само исмевање на една свадба што никогаш нема да се случи.

Веројатно молчеше малку подолго од нормалното затоа што Дејзи загрижено го погледна.

„Не мора да го правиме ова“, рече таа. „Можам да се вратам внатре. Да ти дадам малку простор“.

*Не ме оставај.*

Мислата дојде како гром од ведро небо и тој се намурти. Што беше проблемот со него? Таа му имаше дадено совршена шанса да се извлече, а тој...

Немаше намера да ја прифати нејзината понуда. Не сакаше да земе да се дави во неговата меланхолија. Знаеше дека ќе има доволно време за тоа утре.

„И да те пуштам да се вратиш назад да го држиш

ѕидот на раменици?“ рече тој со малку вештачка насмевка на лицето. „Мислам дека нема да може. Кажи ми, Дејзи Синклер, што мислиш за Њујорк?“

Таа го збрчка носот. „Многу е... гужва секаде“.

Тој испушти звук како зуење. „Мислам дека зборот што го бараш е *енергично*. Секаде е многу енергично. Продолжи“.

„Гласно?“ се обиде таа.

„Живо. Следно“.

„Скапо“.

„Да, добро“, призна тој. „Тука ме имаш. Но скапо е само затоа што сите сакаат да се тука“.

„*Јас* не сакам“.

„Ја прифаќам мисијата“.

„Чекај, што? Јас не сакам да...“

„Да се вљубиш во овој град? Се разбира дека сакаш“.

Линколн ја подаде раката и му се допадна начинот на кој таа преврте со очите пред да ја прифати. Страшно беше освежувачки, тоа што беше со жена која очигледно не пукаше од желба да биде со него.

„Па, каде ќе одиме?“ го праша кога тргнаа по тротоарот. „Зградата Емпаер Стејт? Кипот на слободата? Бруклинскиот мост?“

„Не вечерва, галена, не го носам стапот за селфи“.

„Е па каде тогаш?“

„Во бар“.

„Хм, ти си во смокинг, а овој фустан е свилен“.

„Е добро де, нема да пиеме пиво со црево од бокал. Живеј малку“.

Таа погледна назад преку рамо. „Сигурен ли си дека не треба да се вратиме на свадбата? Ние сме старосватицата и кумот“.

Тој погледна надолу во нејзиниот загрижен профил. „Можеме да се вратиме ако сакаш. Но освен тоа што свадбата секако е при крај колку што можев да видам

јас, сите веќе беа длабоко навлезени во шампањот и оптимизмот. Знам дека на Кесиди нема да му биде гајле, ако воопшто забележи дека нè нема. Ти мислиш дека Ема би се налутила?“

„Не“, призна таа. „А и во право си, мислам дека никој нема ни да забележи“.

„Се согласувам. А јас веќе организирав лимузината да ги земе на полноќ и да ги однесе во ексклузивен хотел каде што сигурно нема да мислат на ништо на првата брачна ноќ, а најмалку на нас“.

„Браво, куме“, рече таа и весело го удри по рамото. „Иако мислам дека најголемото клише би било ние двајца да отидеме во хотелот сега и да им расфрламе ливчиња од рози по креветот“.

„Не, има и поголемо клише од тоа. Тоа би било толку да нè понесе романтичната атмосфера што први ние ќе се фрлиме во креветот во апартманот за меден месец“.

Посака да не ги кажеше кокетните зборови уште во истата секунда кога излегоа од неговата уста. Не се работеше за тоа дека Линколн не флертуваше со жени - тоа беше она што секогаш го правеше, она што го дефинираше.

Но имаше граници - теми што не ги начнуваше, инсинуации што не ги даваше - и штотуку ја премина сопствената граница. Тој флертуваше со жени, но тоа секогаш беше невино, без спомнување секс. А ова што сега прокоментира за него и Дејзи во кревет заедно дефинитивно не беше наивно и безопасно.

Да му се сневиди, визијата од него и Дејзи гола што му помина пред очи сега беше целосно спротивна на безопасност.

И го исплаши многу повеќе отколку што сакаше да признае.

Среќа за него што Дејзи изгледа не забележа. Таа само ја навали главата наназад и погледна во небото. „Овде не се гледаат ѕвездите“.

„А каде што живееш ти се гледаат?“ праша тој,

благодарен што таа ја смени темата. Ѕвездите дефинитивно беа побезбедна тема од секс.

„Дел се гледаат. Мојот бивши сакаше голема куќа на големо земјиште, па нема многу светла во близина да го нарушуваат погледот“.

„Уште живееш таму?“

Таа крена едно рамо. „Ја добив куќата по разводот. Тој не ја сакаше, а јас во тоа време психички немав сила да смислам некој друг план“.

„А сега?“

„Сега?“ Таа погледна во небото. „Тоа ми е дом“.

„Но дом со лоши спомени?“

Таа ги стегна усните во тенка линија и Линколн се опцу во себе. Што правеше тој? Тој најмалку требаше да оди да копа по минатото на другите луѓе.

Се спаси да не мора да се извини кога стигнаа на нивната дестинација.

Дејзи погледна нагоре и се насмеа. „Кога рече ‘бар’ мислев дека ќе одиме во бар, а не дека така се вика“.

„Што да ти кажам, сакам буквални работи“.

Таа фркна со носот. „Колку само не сакаш“.

„Вели жената што ме знае неполни дваесет и четири часа“.

„Те знам доволно за да знам дека бринетата што играше со тебе беше една од најубавите жени што некогаш сум ги видела, а ти сепак воопшто не изгледаше заинтересирано за неа“.

Линколн беше тргнат да ја отвори вратата од барот, но застана кога ги слушна нејзините зборови. Се сврте да ја погледне. Малку подзамижа со очите. „Што сакаш да кажеш?“

Таа направи еден мал чекор кон него, а нејзиниот поглед повеќе беше предизвикувачки отколку што беше флертувачки. „Сакам да кажам дека јас мислам оти твојата репутација на тешко женкариште е само фарса и мислам дека тебе ти се допаѓа тоа“.

„Ти не знаеш ништо за мене“, промрморе тој и се сврте.

Таа му ја допре раката. „Знам дека сите се воодушевени од твојата способност да останеш пријател со сите жени со кои спиеш, дури и откако наводно ќе ги откачиш“.

„*Наводно?* Ти мислиш дека јас ги влечам сите за нос, дека и понатаму спијам со сите одеднаш, кога ќе ми текне?“

„Немој да бидеш будалест“, рече таа и ц’цна со јазикот кога посегна по вратата. „Јас мислам дека ти воопшто не спиеш со нив“.

Линколн зјапаше во неа откако таа со фрцкање си влезе во барот, целата во руса коса и розова свила, без да погледне назад.

Па, да му се сневиди. Можеби жената сепак го имаше запознаено прилично проклето добро за дваесет и четири часа.